Funded by the European Union

Чист бизнис Северна Македонија – Мобилизирање на МСП како лидери против корупцијата



Duration: 15.01.2026 - 15.01.2029

Countries:
North Macedonia

EU contribution: € 250 000

Total budget: € 416 680

Implementer:
Konrad Adenauer Stiftung e.V.

Project description:

„Чист Бизнис Северна Македонија – Мобилизирање на МСП како лидери против корупцијата“ е национална иницијатива осмислена за зајакнување на интегритетот, конкурентност и долгорочна отпорност на малите и средни претпријатија. Проектот е особено фокусиран на средните претпријатија, кои претставуваат клучни двигатели на економскиот раст, но истовремено се несразмерно изложени на ризици од корупција, сложеност на регулативата и ограничени внатрешни капацитети за усогласеност. Преку структуриран сет активности, проектот им обезбедува на компаниите знаење, алатки и системи потребни за усвојување современи стандарди за интегритет, во согласност со националните регулативи и очекувањата на Европската Унија.

Проектот ја воспоставува Алијансата за чист бизнис, платформа со повеќе чинители која ги обединува малите и средни претпријатија (МСП), бизнис асоцијациите, комората и јавните институции, вклучувајќи ја и Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК). Компаниите имаат корист од целни обуки, програма за службеник за антикорупција, советодавни клиники, готови пакети со алатки за политики и пристап до Центарот за чист бизнис, примарен ресурсен центар и платформа за пријавување. МСП коишто се дел од проектот можат да напредуваат кон сертификација за Медал за чист бизнис, што ја демонстрира усогласеноста и ја зголемува нивната кредибилност на пазарот.

Expected results:

- Зголемена отпорност на МСП на ризиците од корупција.
- Потранспарентна деловна средина, која функционира според правила.
- Зголемена доверба помеѓу приватниот сектор, државата и општеството.
- Подобро усогласување со барањата и очекувањата за пристапување кон Европската Унија.
- Придонес кон долгорочна култура на интегритет во Северна Македонија.